**2353.**

Врз основа на членот 9 став (3) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 53/21), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 јули 2022 година, донесе

# СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2027

## ВОВЕД

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 (во натамошниот текст: Стратегијата или СРЕ) е основниот стратешки документ на Република Северна Македонија, со кој се воспоставува сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.

Стратегијата се донесува за период од шест години од 2022 до 2027 година и е четвртиот стратешки документ во оваа област.

Стратегијата тргнува од темелните вредности на уставниот поредок: владеење на правото, хуманизам, социјална правда и солидарност и почитување на општоприфатените норми на меѓународното право. Таа се води од антидискриминаторската клаузула во уживањето на основните слободи и права, утврдени во членот 9 на Уставот, според која: „граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и во правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба. Донесувањето на Стратегијата е уредено со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12), со кој се предвидува усвојување на Стратегијата од Собранието на Република Северна Македонија (член 9 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите) по предлог на Владата на Република Северна Македонија (член 10 став 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите).

Со донесување на оваа стратегија, уште еднаш се потврдуваат заложбата и посветеноста на Владата на Република Северна Македонија и на Собранието на Република Северна Македонија кон унапредување на човековите права на жените и воспоставување еднакви можности за жените и за мажите во сите сфери од општественото живеење. Исто така, овој стратешки документ ги обединува активностите во сите области на дејствување за постигнување родова еднаквост.

Донесувањето на овој документ ќе значи и потврда на реализација на активностите предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024, а кои се однесуваат на сузбивање на стереотипите и предрасудите, превенција од родово базирано насилство, унапредување на статусот на жените во земјоделството како и вреднување на лидерските потенцијали на жените.

## ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата се изработуваше преку процес што беше отворен за учество на сите чинители што изразија интерес.

Процесот на изработка на Стратегијата се надоврза на Процената за напредокот и влијанието на Националната стратегија за родова еднаквост (НСРЕ) (2013-2020) и Националниот акциски план за родова еднаквост (НАПРЕ) (2018-2020). Двете

активности се комплементарни и вклучуваа консултативен процес и соработка меѓу експертите и работната група, кои беа директно вклучени во спроведувањето на двете активности, како и други чинители на полето на родовата еднаквост во Република Северна Македонија. Наодите од Процената за напредокот и влијанието на НСРЕ 2013-2020 и НАПРЕ 2018-2020 се вклучени во целите и во очекуваните резултати на Стратегијата.

Стратегијата се заснова на принципите на законитост, јавност, транспарентност, одговорност, отчетност и меѓусекторска соработка.

## ПРАВНА РАМКА НА СТРАТЕГИЈАТА

### Меѓународна правна рамка

Република Северна Македонија е потписничка на Пекиншката декларација и Платформа за акција (1995), со која се обврзува на подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот. Исто така, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (ЦЕДАВ) е еден од клучните документи за правата на жените и во согласност со обврските кон оваа конвенција Република Северна Македонија го поднесе шестиот периодичен извештај во 2017 година, а Комитетот ги објави неговите заклучоци и препораки во 2018 година. Тие претставуваат дел и од стратешките цели и активности и на оваа Стратегија.

Имајќи предвид дека Република Северна Македонија е земја кандидат за членство во ЕУ, со оваа стратегија се потврдува уште еднаш почитувањето и унапредувањето на европските стандарди и практики за постигнување на родовата еднаквост. Во оваа насока треба да се спомене дека директивите и препораките на ЕУ за рамката за еднакви можности на жените и мажите се имплементирани во домашното законодавство. Со ова, нашата држава одговори на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Република Северна Македонија е членка на Советот на Европа (СЕ) и ги дели заложбите на СЕ за обезбедување соодветно ниво на социјална заштита, особено за најранливите категории граѓани(ки). Стратешките приоритети на Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа 2018-2023 се фокусираат на превенција и борба против родови стереотипи и сексизам, превенција и борба против родово базирано насилство, еднаков пристап до правда за жените, балансирано учество на жените и на мажите во донесување одлуки, заштита на правата на жените и на девојките баратели на азил, мигранти и бегалци и интеграција на родовите политики во сите политики и мерки. Република Северна Македонија учествува во изработката на Стратегијата на Советот на Европа преку свои претставници во Комитетот за родова еднаквост на Советот на Европа.

Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) е сеопфатниот документ во областа на насилство врз жените и таа претставува основа и обврска особено во активности кон препознавање, превенција и заштита на жените и на девојчињата од насилство како и од семејното насилство. Владата на Република Северна Македонија беше помеѓу првите држави што ја ратификуваа Истанбулската конвенција во 2017 година, по што започна процесот на нејзина имплементација.

Во 2015 година сите земји членки на ООН ги усвоија Целите за одржлив развој (ЦОР) од Агендата за одржлив развој 2030 кои ги даваат главните насоки за целокупен просперитет, мир и одржлив развој во сите земји. Цел 5 од Целите за одржлив развој е

„Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња“ и се однесува конкретно на постигнување родова еднаквост преку воведување мерки за постигнување цели за унапредување на положбата на жените во светот. Конкретни цели за унапредување на положбата на жените во светот се:

1. Да се укинат сите форми на дискриминација против жените и девојчињата, насекаде;
2. Да се елиминираат сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера, вклучително и трговијата со луѓе, сексуална и друг вид експлоатација;
3. Да се елиминираат сите штетни појави, како што се присилни бракови со деца, бракови во рана возраст и генитално осакатување на женската популација;
4. Да се признае и да се вреднува неплатената нега и домашната работа преку овозможување јавни услуги, инфраструктура и политики за социјална заштита и промоција на заедничка одговорност во рамките на домаќинствата и семејствата, соодветно на националните околности;
5. Да се осигури целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа при донесувањето одлуки во политичкиот, економскиот и во јавниот живот;
6. Да се осигури универзален пристап до правото за обезбедување на сексуалното и на репродуктивното здравје, во согласност со Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој и Пекиншката платформа за акција и документите кои се резултат на овие конференции;
7. Да се преземат реформи за еднаков пристап на жените до економски ресурси, како и пристап до земјиште и до други форми на сопственост, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во согласност со националните закони;
8. Да се зголеми примената на технологии што обезбедуваат подобри услови, особено во информатичката и во комуникациската сфера со цел промовирање на еманципацијата на жените;
9. Да се усвојат и да се подобрат здрави политики и акти за нивно спроведување со цел подобрување на родовата еднаквост и еманципација на сите жени и девојки на сите нивоа.

Во 2018 година, Владата на Република Македонија, преку Националниот совет за одржлив развој, утврди пет приоритетни ЦОР (1, 4, 8, 13 и 16). Во 2020 година, Владата го објави првиот Доброволен национален преглед (ДНП) за напредокот на земјата во постигнувањето на ЦОР од Агендата 2030.

Во 2020 година беше потпишана Рамка за соработка за одржлив развој меѓу Република Северна Македонија и Обединетите нации 2021-2025 со која се насочува работата на агенциите на ОН во земјата во наредните 5 години. Со Рамката се даваат конкретни насоки за напредок во согласност со националните развојни документи усогласени со ЦОР и со правото на ЕУ.

Родовата перспектива е составен дел на Рамковната конвенција за климатски промени на ООН како и на Преамбулата на Договорот од Париз (2017), нагласувајќи дека при преземање активности за решавање на климатските промени, страните треба да го почитуваат и да го промовираат правото на родова еднаквост и зајакнувањето на жените. Со цел спроведување на препораките од овие документи, во Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е назначено национално одговорно лице за род и за климатски промени.

Во 2020 година, Република Северна Македонија стана членка на НАТО, со тоа обврзувајќи се за примена на принципот за внесување на родовата перспектива во сите

политики и мерки што се однесуваат на мирот и на безбедноста, односно целосна имплементација на Резолуцијата 1325 и сродните политики на НАТО за жени, мир и безбедност. Агендата за „Жени, мир и безбедност“ првпат беше воведена во 2000 година со усвојувањето на Резолуцијата 1325, а сега вклучува девет дополнителни резолуции (1820, 1888, 1889, 1960, 2106, 2122, 2422, 2467 и 2493).

**Национална правна рамка**

Во Република Северна Македонија прашањата за родовата еднаквост од нормативен аспект се регулираат со Устав, со посебен закон, односно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и со вклучување на родовата перспектива во другите закони.

Законот за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМЖМ), („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12) првпат беше донесен во 2006 година и понатаму беше изменет во 2012 година, ЗЕМЖМ ја дава главната правна рамка, со која се регулираат прашањата за родова еднаквост. Со него се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности за жените и мажите, како и надлежностите, задачите и обврските на субјектите одговорни за воспоставување на еднаквите можности, процедурата за утврдување нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и должностите на Застапникот за еднакви можности на жените и мажите. Во времето на подготовката на оваа Стратегија се подготвува и нов Закон за родова еднаквост, кој се стреми кон поголема усогласеност со меѓународните стандарди, барања и директиви.

Во 2020 година беше донесен нов Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 258/20), што е значаен инструмент во справувањето со повеќекратната и интерсекциска дискриминација со која се соочуваат жените.

Во 2019 година се донесе нов Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), со кој се прави реформа на целокупниот систем за социјална заштита за поефективно исполнување на потребите на граѓаните, меѓу кои особено значајно место заземаат жените и девојчињата од ранливите категории.

Во 2021 година се донесе нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/21), со кој се проширува системот на превенција и заштита од сите облици на родово базирано и семејно насилство, во согласност со стандардите од Истанбулската конвенција.

Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија “ број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) ја одредува минималната возраст за склучување брак, родителските права и обврски, правата за раскинување брак.

Со измените на Изборниот законик (Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија “ број 196/15), во 2015 година се воведе квота од најмалку 40% застапеност на помалку застапениот пол на листите на партиски кандидати, со тоа што на секои три места на листите најмалку едно место е за помалку застапениот пол и дополнително најмалку уште едно место на секои десет места.

Со измените на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 74/15), во 2015 година се уредува еднаква плата за жените и за мажите и еднаков третман во врска со вработување, работно време, услови за работа, професионални шеми за социјално осигурување и отсуство од работа. Во време на подготовката на Стратегијата се изработува нов Закон за работни односи, кој ќе биде усогласен со Директивата за родителски права на ЕУ и воведување родителско отсуство за мажите.

Со Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17), во 2017 година се намали родовиот јаз во платите со изедначување на минималната плата за работниците во текстилната, кожарската и во чевларската индустрија, каде што најголем број од вработените се жени.

Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ број 79/13), кој е во фаза на измена во времето на изработката на Стратегијата, има за цел „спречување и заштита од психичко и полово вознемирување на работното место […] и обезбедување здрава работна средина“.

Во 2019 година беше донесен нов Закон за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), што претставува голема придобивка за репродуктивните права како постулат на почитување на основните човекови права и слободи. Дополнително, со Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 37/16), се гарантира пристапот до здравствена заштита за сите жени.

Со новиот Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), во опсегот на примарна правна помош, меѓу другите, се опфатени жртвите на родово базирано и семејно насилство, како и помош при постапка за упис во матична книга на родени, стекнување документи за лична идентификација и државјанство, постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување и друго.

Нов Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19), беше донесен во 2019 година со кој се забранува секаков вид директна и индиректна дискриминација во основното образование и воспитание, се предвидуваат афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација и промоција на еднаквост. Во 2018 година беа донесени измени за Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008, 99/2009, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18) заради доуредување и допрецизирање на процедурите и на постапките за издавање и обезбедување учебници во училиштата во кои ќе нема штетни дискриминаторски и стереотипни содржини.

Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20), посветува посебно внимание кон правична родова и етничка застапеност во телата за носење медиумски одлуки. Со измените од 2018 година, Законот превенира, меѓу другото, дискриминација во медиумите врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет и припадност на маргинализирана група.

Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14 и 132/14), во дела

казниви со затвор и други мерки опфаќа семејно насилство, силување и други видови родово базирано насилство. Во периодот на подготовка на Стратегијата се работи на измена на Кривичниот законик во насока на усогласување со Истанбулската конвенција и опфаќање нови инкриминации во однос на насилството врз жените.

Со измените и дополнувањата на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20) и Законот за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија “ број 42/20), во 2020 година, се вклучува родовата перспектива како дел од законските решенија.

<u>Поврзаност на Стратегијата со други стратешки документи</u>

СРЕ е клучниот стратешки документ во националната политика за родова еднаквост. Во продолжение се некои од тековните усвоени стратешки документи со кои СРЕ се надополнува во своите стратешки цели за постигнување родова еднаквост, како крос-секторски, хоризонтален и универзален социјален и политички приоритет.

Еднаквоста меѓу мажите и жените зазема значајно место во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020-2024. Во неа се препознава дека единствен начин за постигнување вистински просперитет во општеството е преку еднаквост меѓу мажите и жените во сите сфери на јавниот и на приватниот живот. Како главни цели се издвоени зголемување на бројот на жени на позиции на донесување одлуки, сузбивање на родовите стереотипи и елиминација на родово базираното насилство.

**Стратешки документи важни за родовата еднаквост:**

- Стратегијата за едно општество и интеркултурализам 2020-2022;
- Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019-2023 со Акциски план и Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022;
- Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2018-2022, како и во Националната програма за достоинствена работа 2019-2022;
- Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој (НСЗРР) 2021-2027 и Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2018-2022;
- Стратегијата за образование 2018-2025 со Акцискиот план ги одредува насоките за развој на образованието до 2025;
- Националната стратегија за млади 2016-2025;
- Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2020-2022 и Националната стратегија и Акциски план за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) 2017-2021;
- Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) 2018-2023;
- Национална стратегија и Акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за периодот 2021-2026;
- Националната стратегија за унапредување на менталното здравје 2018-2025;
- Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325 „Жени, мир и безбедност“ 2020-2025, Долгорочен план за развој на одбраната 2019-2028 и Среднорочен план за развој на одбраната 2020-2023;
- Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност 2019-2023;

- Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство;
- Акциски план за интегрирање на родовите прашања при подготовка на политиките за климатски промени во 2018 година во тек е подготовка на Стратегија за климатска акција;
- Национална стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027;
- Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009-2030;
- Национална стратегија за развој на културата е донесена за периодот од 2018-2022.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија има воспоставено широка рамка на институционални механизми за еднакви можности на жените и мажите на централно и на локално ниво.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Северна Македонија и Клубот на пратенички се механизми за спроведување на родовата перспектива во највисокиот претставнички орган за креирање политики и донесување одлуки.

Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите го промовира концептот на вклучување на родовите аспекти во општите политики на сите јавни институции.

На национално ниво, МТСП иницира и креира политики за родова еднаквост и еднакви можности, воедно е одговорно за координација и следење на состојбата со родовата еднаквост во соработка со другите органи на државната управа.

Согласно со ЗЕМЖМ, во сите министерства од редот на државните службеници има назначено координатор и заменик-координатор за еднакви можности на жените и мажите, кои имаат со закон предвидени обврски и одговорности. Тие се одговорни за воведување на родовата перспектива во соодветното министерство, за спроведување на Стратегијата.

Родовите механизми на локално ниво во рамките на институциите се составени од следниве структури: комисии за еднакви можности на жените и мажите и координатори за еднакви можности на жените и мажите.

### Интеграција на родовата перспектива

За постигнување родова еднаквост, потребно е ефективно вградување на родовите перспективи во сите општествени текови, политики и практики. Пекиншката платформа за акција (1995) наведува дека „владите и другите актери треба да промовираат активна и видлива политика на вклучување на родовата перспектива во сите политики и програми, при што пред донесување на одлуките, ќе се направи анализа на нивните соодветни ефекти врз жените и мажите“. Вклучувањето на родовите прашања во главните политики претставува (ре)организација, подобрување, развој и евалуација на процесите за креирање на политиките, при што перспективата на родова еднаквост се инкорпорира во сите политики на сите нивоа и фази од актерите што се вообичаено вклучени во креирање на политиките.

Во 2018 година, Владата на Република Северна Македонија за првпат ги воведе родовите перспективи во инструкциите за развој на тригодишните стратешки планови за ресорните министерства, со цел зајакнување на институционализацијата на родовата интеграција на национално ниво.

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), во соработка со МТСП, разви модули за родова еднаквост за вработените во државната администрација. Целта е вработените во администрацијата преку електронскиот систем за управување со учењето да се стекнат со знаења за родовата перспектива во креирањето и спроведувањето на јавните политики.

**Родово одговорно буџетирање**

Внесување на родовиот концепт во буџетските политики е примарна цел на Владата на Република Северна Македонија во насока на креирање родово сензитивен буџет, од кој ќе имаат еднаква придобивка и мажите и жените во Република Северна Македонија.

Родово одговорните буџети (РОБ) се клучни за создавање еднакви можности за жените и за мажите. Токму затоа со ЗЕМЖМ се направи чекор кон родово одговорното буџетирање со барањето, „органите на државната управа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите“ (член 11 точка 3).

До 2020 година, родово одговорното буџетирање е пилотирано од 13 ресорни министерства и три државни агенции со континуирано стручно менторство обезбедено од УН Жени. Според методологијата за РОБ, ресорните министерства и државните институции се обврзани да спроведат основна родова анализа на одредена секторска програма и да развијат родови аутпут индикатори, како и да продолжат да следат напредок во спроведувањето на избраните програми и нивното влијание.

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Според процената на населението на Државен завод за статистика (ДСЗ) за 2019 година, во Република Северна Македонија има вкупно 2.076.255 жители, од кои речиси еднаков број жени (49,92 %) и мажи (50,08 %). Во однос на старосната структура, жените во Република Северна Македонија живеат 3,8 години повеќе од мажите, додека целокупното население сѐ повеќе старее. Во периодот од 2007 до 2019 година, учеството на женското младо население на возраст од 0 до 14 години е намалено од 18,2% на 15,8%, а учеството на женското старо население на возраст од 65 и повеќе години е зголемено од 12,5% на 15,8%. Поголем број жени се забележуваат во старосната група од 65 години и повеќе. Податоците покажуваат дека жените живеат 3,9 години подолго од мажите, т.е. 78,3 години, а мажите 74,4 години.

Индексот на родова нееднаквост за Република Северна Македонија за 2019 година е 0,143, со што Република Северна Македонија е на 37 место од 189 земји. Индексот на родов развој на Република Северна Македонија е 0,952 и се наоѓа во втората група земји со средна до висока еднаквост во постигнувањата на Индексот за човечки развој меѓу жените и мажите, што е напредок од претходната година, кога беше во третата група.

Во 2019 година, Република Северна Македонија, со поддршка на УН Жени и Европски институт за родова еднаквост, го изработи својот прв Индекс за родова еднаквост за 2015 година, според кој Република Северна Македонија е рангирана на 15 позиција споредено со земјите членки на Европската Унија.

**КОВИД-19**

Пандемијата со коронавирусот САРС –КоВ -2, која предизвика глобални ефекти неспоредливи со други настани во 20 и 21 век, ја одбележа 2020 и почетокот на 2021 година, периодот на креирање на оваа Стратегија. Кризата што ги погоди сите земји во светот предизвика непроценливи економски и социјални последици, од кои светот ќе закрепнува уште долго време.

Со цел успешно справување со ширењето на заразата, претседателот на Република Северна Македонија на 18 март 2020 година прогласи вонредна состојба во државата. Владата на Република Северна Македонија донесе низа мерки во борбата против ковид-19, успевајќи да ја одржи стабилна состојбата во земјата и овозможувајќи поддршка за ранливите категории граѓани.

На 10 март 2020 година, Владата донесе мерка со која го прекина воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки и основни училишта. Истовремено, беше донесена одлука еден од родителите чии деца до десетгодишна возраст посетуваат настава во градинка или во основно училиште, да биде ослободен од работните обврски. Владата им препорача на работодавачите во државата, во зависност од типот на работата и од можностите, да ја приспособат работата да се извршува од дома.

Владата на Република Северна Македонија донесе пет пакети мерки, насочени кон справување со негативните последици врз економијата.

Со периодот на изолација и воспоставувањето строг полициски час, МТСП како и невладините организации предупредија за ризикот од зголемување на случаите на семејно насилство. Во текот на полицискиот час, жените жртви на насилство добија дозвола да побараат помош и да пријават семејно насилство и во текот на целиот период беа споделувани контакти од сервисите за пријавување и поддршка на жртвите.

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ПО СПЕЦИФИЧНИ ОБЛАСТИ**

**1. Економија и пазар на труд**

Според Државниот завод за статистика (ДЗС), во 2019 година од вкупно 964.014 активно население, мажи се 571.635, а жени 392.379. Стапката на активност за мажите е 67,8%, а за жените 46,6%. Во третиот квартал од 2020 година, стапката на вработеност за мажите на возраст од 15 до 64 години била 62,7%, а за жените 45,2%, што е зголемување од 0,6% во третиот квартал на 2019 година. Стапката на активност во третиот квартал на 2020 година, за мажите на возраст од 15 до 64 години била 75,7%, а за жените 53,9% .

Според статусот на вработеноста, жените преовладуваат во категоријата „неплатен семеен работник“ со речиси двојна застапеност наспроти мажите (61,8% наспроти 38,2%), додека мажите се повеќе работодавци (во 2019 година, 73,3% наспроти 26,7%) и трипати повеќе вработени за сопствена сметка (78% наспроти 22%).

Жените се повеќе застапени на пониско платени работни места, така што во 2019 година плата од 25.000 до 30.000 денари зеле 7,2% мажи и 5,2% жени, додека од оние со заработувачка над 40.000 денари 77,6% биле мажи, а 22,4% жени. Дополнително, постои родов јаз во платите од 12%, значи дека за работно место од иста вредност, жените земаат 12% пониска плата во однос на мажите. Родовиот јаз во пензиите во Република Северна Македонија во 2019 година е 23,8% за возраст над 65 години, додека за возраст од 65 до 74 години е 18,7%. Постои значајна секторска сегрегација,

односно висока концентрација на вработеност на жени наспроти мажи во секторите образование, здравство и социјална работа, познати како сектори што се идентификуваат со „грижа“ и кои се помалку платени.

Министерство за економија спроведува финансиска поддршка на жени претприемачи, субвенционира претпријатија што се во сопственост на жени и со кои управуваат жени. Во 2020 година со оваа мерка биле поддржани 11 апликантки со 1.068.206,00 денари.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 18/20) и со Програмата за изменување на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година, предвиде 11 мерки и програмски активности. Со Програмата за 2020 година е реализирана финансиска поддршка за целните групи невработени жени и приемачиво износод 1.970.000,00 денари преку програмските активности: Поддршка на самовработување (претприемништво), Ваучерски систем на советување, Стандардизирани менторски услуги и Поддршка на женско претприемништво преку обуки со цел информираност на жените за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво.

Во 2020 година, во Активните програми и мерки за вработување, кои ги спроведува Агенцијата за вработување, учеството на жените е околу 34% од лицата вклучени во програмата „поддршка за самовработување“ (претприемништво) и околу 48% од лицата вклучени во мерките за „поддршка за креирање нови работни места“ и тоа во мерката субвенционирање плати 49%, вработување и раст на правни субјекти 48%, а поддршка за вработување инвалидни лица 30%.

Во 2019 г., Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) за првпат креираше и објави мерка за поддршка на активен женски член во семејното земјоделско стопанство за преработка и маркетинг на земјоделски производи во максимален износ од 180.000,00 денари по земјоделско стопанство, при што на повикот се јавиле вкупно 400 жени од руралните средини.

За да се подобри рамнотежата помеѓу домашните обврски и работата на жените, за нивно поголемо учество на пазарот на трудот, се прошируваат националните капацитети за грижа и образование на деца на предучилишна возраст и продолжено е работното време на градинките за поддршка на родителите што работат до подоцна и за викендите.

Во 2020 година, МТСП ги зголемува капацитетите на установите за згрижување и воспитување деца од предучилишна возраст заради вклучување поголем број деца во предучилишното воспитание, од март 2020 година заклучно со февруари 2021 се отворени вкупно 12 објекти за јавни детски градинки и 2 објекта за приватни детски градинки. За оваа намена според буџетот и Програмата за изградба, опремување и одржување објекти за детска заштитаво 2020 година, се реализирани средства во износ од 82.569.000,00 денари, што претставува 99,7% планирано во Годишниот план.

**2. Земјоделство**

Република Северна Македонија е претежно земјоделска земја, во која руралните средини зафаќаат околу 87% од вкупната површина на државата, во кои живее 45% од вкупното население.

Во руралните средини во Република Северна Македонија, жени носители на стопанствата во рамките на вкупниот број земјоделци изнесуваат околу 10,4%, а само 12,01% од жените се сопственици на земјиште со ниско учество во процесот на донесување одлуки важни за производствените активности.

МЗШВ во последните измени на Законот за консолидација на земјоделското земјиште воведе одредба за задолжителни Изјави за согласност на брачниот другар со планот за распределба на земјоделското земјиште, а имајќи предвид дека најголем дел сопствениците се мажи, тоа значи задолжително консултирање на жените во процесот.

Во насока на обезбедување родова еднаквост и подобрување на положбата на жените што се занимаваат со земјоделство, Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 предвидува поддршка за економската активност на жените земјоделки со дополнителни директни плаќања, со грант за преработувачки активности на земјоделско стопанство и поволности при рангирањето на проектите од новата програма ИПАРД со дополнителни 20 бода кај мерката 1 и 10 бода кај мерките 3 и 7.

**3. Заштита на животната средина и справување со климатските промени**

Негативните ефекти на климатските промени, како и климатските промени сами по себе, претставуваат светска закана на која мора да се одговори со систематски и родово одговорен пристап.

Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година на Владата, ги зеде предвид ранливите групи, меѓу кои 4 жени добиле субвенции. Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување енергетска ефикасност во домаќинствата од 2021 година зеде предвид повеќе типови ранливи групи, со што ќе се очекува поголемо учество на жените во овие програми.

Родовиот аспект на климатските промени во нашата држава активно започна да се анализира во рамките на регионалниот проект поддржан од Глобалната програма за поддршка и Програма за развој на Обединети Нации (УНДП). Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), во соработка со УНДП, започна со вградување на родовата перспектива во документите за климатските промени со Првиот двогодишен извештај за климатски промени доставен до Конвенцијата на ОН за климатски промени. Во тек е усвојување на Третиот двогодишен извештај за климатски промени, како и подготовката на Четвртиот национален план за климатски промени, во кој родовиот аспект е силен критериум за ефикасно спроведување на климатските промени. Во 2019 година беше изработен Нацрт национален акциски план за вклучување на родовиот аспект во климатските промени.

**4. Политика и донесување одлуки**

По последните парламентарни избори во 2020 година, во Собранието на Република Северна Македонија има 48 пратенички (39,17%), со што Република Северна Македонија е рангирана на 31 место на глобалната листа на Интерпарламентарниот сојуз (ИПУ). Жените претседаваат со седум од 21 собраниска комисија.

Во последниот состав на Собранието за првпат има пратеничка Ромка.




За понатамошно подобрување на родовиот баланс во Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите донесе План на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2021.

Во Владата на Република Северна Македонија, од вкупно 20 членови и 16 министерства, има 4 жени на министерска позиција (20%) и тоа на Министерство за култура, МТСП, Министерство за образование и наука и Министерство за одбрана. Во 2 министерства и тоа на министерот за надворешни работи и на министерот за животна средина и просторно планирање, жени се заменик-министри. Од 37 лица во извршната власт во 2021 година, 6 се жени, односно 16,2%.

На локалните избори во 2017 година, се кандидираа 15 жени од вкупно 260 кандидати за градоначалник, од кои шест беа избрани за градоначалнички (7,4%), што е сепак највисоката бројка на сите досегашни локални избори. Од 1.388 локални советници, 415 се жени (29,8%) и 18,5% од општинските совети се водени од жени. Во 15 од општините имаат 40% и повеќе застапеност на жени, а 31 општина има помалку од 30% застапеност на советнички.

Според Регистарот на вработени во јавниот сектор (2019), 55% од вработените се жени, а 45% мажи, во однос на раководните позиции во јавниот сектор околу 36% се жени. Жените се позастапени во судските институции, додека мажите се позастапени во безбедносниот сектор. Најголемата родова нерамноправност се забележува во јавните претпријатија, каде што мажи се 83,36% од вработените, а жени 16,64%. Во 2019 година од вкупно 23.266 членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори, жени биле само 6.111.

**5. Здравство**

Стапката на фертилитет во Република Северна Македонија во 2019 година изнесуваше 1,3 живородени на една жена, што е под просекот на ЕУ (1,6), а стапката на смртност на доенчињата е 5,6 умрени доенчиња на 1.000 живородени деца.

Министерството за здравство (МЗ) со Програмата за активна здравствена заштита на мајките и на децата во Република Северна Македонија на годишно ниво, спроведува мерки со цел намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и на новороденчињата преку интегриран пристап во унапредување на здравјето на мајките и на новороденчињата.

МЗ обезбедува бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени што се надвор од системот на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификација.

МЗ спроведува Програма за рана детекција на малигни заболувања која се донесува на годишно ниво и во 2020 година содржи: скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грлото на матката; пилот-скрининг на колоректален карцином; промотивна кампања за превенција и рано откривање карцином на простата; и организиран мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка.

**6. Образование и наука**

Во основните училишта (вкупно 1.042), во учебната 2019/2020 се запишале повеќе ученици (96.740 ученици наспроти 90.500 ученички), додека има значително повеќе наставнички од наставници (12.862 наставнички наспроти 5.359 наставници). Во средните училишта (вкупно 138) ситуацијата е слична, односно во учебната 2019/2020 се запишани 36.297 ученици и 33.683 ученички и има 4.493 наставнички и 2.852 наставници.

Во високото образование ситуацијата е обратна - во 2019 година имало повеќе жени од мажи запишани и дипломирани (58,85% дипломирани жени, а 41,15% мажи), од вкупно 204 доктори на науки 122 биле жени, а бројот на редовни и на вонредни професорки (552 и 406, соодветно). Покрај тоа 40% од жените учествуваат во формално или во неформално образование и обука, во споредба со 23% од мажите. Во Македонската академија на науките и уметностите, од 38 членови (редовни и дописни) само 4 се жени, жена никогаш не била претседател, потпретседател или секретар.




*Извор: ДЗС*

Како една од мерките што се имплементира од Министерството за образование и наука (МОН) во однос на ова прашање, во учебната 2019/2020 биле доделени повеќе стипендии на студентки (63,7%) отколку на студенти (36,3%) за биотехнички, техничко-технолошки, природно-математички, ИТ, хемија, физика, математика и медицински науки.

Мултисекторска експертска работна група, предложи модел за спроведување сеопфатно сексуално образование (ССО) како дел од формалното основно образование. Програмата ќе започне со пилотирање во учебната 2021/2022 година, во 4 училишта во урбана и во рурална средина.

**7. Жени, мир и безбедност**

Според Индексот за жени, мир и безбедност 2019/2020, Република Северна Македонија се наоѓа на 37 место од 167 земји, мерено според индикатори за три основни димензии: инклузивност, правда и безбедност.

Министерството за одбрана (МО), континуирано спроведувајќи родови обуки за различни категории персонал, за што располага и со 18 сертифицирани родови обучувачи, водејќи родово разделени податоци за сите категории персонал и за упатениот персонал на обуки во земјата и во странство, како и воведувајќи интерни механизми за превенција и за постапување во случај на вознемирување. Назначени се родов советник (офицер за родова еднаквост во Армијата) и родови претставници што се сега присутни практично во сите структури на Армијата. Во 2020 година учеството на жените во Армијата на Република Северна Македонија изнесуваше 9.91%, односно 15.55% жени офицери, 11,18% жени подофицери, 5,45% професионални војници и 37,47% жени цивилни лица во служба на Армијата.

Во 2019 година бројот на жени со чин полковник е зголемен за 3 пати, а во 2018 година за прв пат е назначена жена полковник за аѓутант на претседателот на државата.

Министерството за внатрешни работи (МВР) во својот Стратешки план 2020-2022, го опфаќа прашањето за родова еднаквост, односно следење родова и правична застапеност, во програмата „Унапредување на заедничките функции во МВР“, потпрограма „Управување со човечки ресурси“.

**8. Социјална сигурност**

Инкорпорирањето на родовите перспективи во социјалните политики не е само прашање на социјална правда, туку е и важно прашање во справувањето со сиромаштијата, обезбедувањето еднакви можности и добар квалитет на живот за сите. Ефективниот систем на социјална заштита ги има предвид различните потреби, приоритети и аспирации на мажите и на жените во борбата против социјалните нееднаквости, како и различностите помеѓу самите жени, преку принципот на интерсекционалност.

Важна реформа што ја презема Владата на Република Северна Македонија во оваа област е реформата на социјалниот систем. Во последниве неколку години, фокусот на системот за социјална заштита беше ставен врз социјалните услуги за ранливите групи, во домот и во заедницата.

Реформата во 2019 година, што започна со донесување на Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија “ број 104/19) и измената на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), ги насочи и ги прошири програмите за социјална помош.

Во јули 2020 година, Република Северна Македонија беше избрана за членка на Комисијата за социјален развој на ООН за периодот 2020-2024.

**9. Пристап до правда**

Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), гарантира првостепена и второстепена правна помош за граѓаните што немаат доволно средства.

Граѓаните можат да добијат бесплатна правна помош за имотно-правни спорови, должничко-доверителски односи, за прашања од пензиско и инвалидско осигурување, за застапување жртви на семејно насилство, за остварување социјална помош, за спорови со осигурителни компании, но и за други потреби. Бесплатна правна помош се одобрува во сите судови и административни постапки. Жените жртви на родово базирано и семејно насилство се опфатени во овој закон.

Во 2020 година е донесен Законот за спречување и заштита од дискриминација и е избрана Комисија за заштита од дискриминација, со што се зајакнува системот за заштита на човековите права.

**10. Спорт**

Според Индексот на родова еднаквост за 2015 година, бројот на жени на раководни позиции во националните спортски федерации е најнизок од сите други општествени сфери. Во поддоменот „Општествена моќ“ најголемиот родов јаз е кај индикаторот што го мери учеството на жените и мажите во управните органи и тела на националните спортски федерации, односно во Република Северна Македонија само 8,9% жени наспроти 91,1% мажи се членови на управни органи во нив.

Агенцијата за млади и спорт (АМС) доделува стипендии за остварени спортски резултати во олимписки и во параолимписки, односно неолимписки и непараолимписки спортови, на млади талентирани спортисти до дваесетгодишна возраст (проект „500 стипендии за талентирани млади спортисти“). Секоја година бројот на девојчињата вклучени во овој проект се зголемува.

Во 2020 година беа регистрирани 4 женски фудбалски клубови, а во натпреварувачката година 2020-2021 во Фудбалската федерација на Македонија се регистрирани вкупно 1.505 девојчиња што се занимаваат со фудбалска игра. Исто така, по долгогодишно отсуство на национален одбојкарски женски тим, Одбојкарската федерација на Македонија, преку неколку одбојкарски школи и стручен тим од мажи и жени тренери, формира состав на национален тим во младинска конкуренција до 19 години.

**11. Култура**

Според податоците на Министерството за култура (МК) во 2021 година, од буџетот на министерството се финансираат 65 национални установи од областа на културата, во кои се вработени 2.955 лица, од кои 48% жени и 52% мажи.

Во буџетот на МК за 2019 година, родовиот аспект е вклучен, меѓу другото, во категоријата „Интердисциплинарни проекти“, каде што се финансираат проекти од независниот културен сектор, надвор од културните институции, во чии рамки биле поддржани 105 проекти, од кои 9 проекти на жени носителки како физички лица и 8 како правни лица.

Во програмата на МК за 2020 година од 856 финансирани изданија, 250 се од авторки, што е околу 30% од вкупниот број поддржани книги/изданија. Во однос на електронските изданија, од 28 поддржани, 8 се издвоени како проекти што се управувани од жени или обработуваат родови теми.

**12. Медиуми**

Во Република Северна Македонија на крајот од 2019 година биле активни вкупно 120 радиодифузери, односно 48 телевизии и 72 радиостаници. Според податоците на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги (ААВМУ), жените во аудиовизуелната

медиумска индустрија ретко се јавуваат како сопственици. Во 2019 година од вкупно 48 ТВ-станици, 3 биле во директна сопственост на жени, 28 биле во директна сопственост на мажи, а таквата состојба не била ништо поразлична ни во 2018 и 2017 година. Од 72 радиостаници, 43 биле 100% сопственост на мажи, а 22 во сопственост на жени; жените доминираат во новинарската професија, со 540 новинарки и 374 новинари во нашите медиуми во 2018 година.

Според истражувањата на ААВМУ, во нашите медиуми дури и темите што се поврзани со родовите прашања не се обработуваат од родова перспектива. Прилозите што се однесуваат на приватната сфера, обичаите, домот и семејството, не се обработуваат низ призмата на родот ниту, пак, се отвораат прашања за родовите улоги во општеството, туку жените традиционално се идентификуваат со домот и со семејството.

**13. Родово базирано насилство**

Насилството врз жените се смета за прилично распространет феномен во Република Северна Македонија. Три од пет (60%) жени сметаат дека насилството врз жените е вообичаено, а речиси три од десет сметаат дека тоа е многу честа појава. Речиси една од пет жени (17%) лично познава некого во своето семејство и меѓу своите пријателки што доживеале некоја форма на домашно насилство, а сличен е процентот на лица од нивното соседство што доживеале насилство.

Владата во 2018 година покажа силна политичка волја да ги елиминира сите форми на насилство врз жените со ратификацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) и изработка и донесувањето на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата 2018-2023.

Во согласност со насоките од Акцискиот план за спроведување на Истанбулската конвенција, се донесе нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/21), со кој ќе се овозможи сеопфатен интегриран мултидисциплинарен пристап во справувањето со родово базираното насилство, во согласност со меѓународните стандарди.

На територијата на Република Северна Македонија во 2020 година функционираат 13 специјализирани сервиси за згрижување жртви на семејно насилство и родово базирано насилство.

МТСП заедно со УНДП ја креира првата мобилна апликација за помош и поддршка на жртвите на насилство „Биди безбедна", достапна на македонски, на албански и на ромски јазик.

**13.1 Стереотипи и сексизам**

Сексизмот и сексистичкото однесување се поврзани со насилството врз жените и девојките, при што делата на „секојдневен" сексизам се дел од континуитетот на насилство, создавајќи атмосфера на заплашување, страв, дискриминација, исклученост и несигурност, со што се ограничуваат можностите и слободата на жените и на девојките. Родовите стереотипи и предрасуди ги обликуваат нормите, однесувањето и очекувањата на мажите и на момчињата, што доведува до сексистички акти.

**13.2 Трговија со луѓе**

Жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија потекнуваат од земјава и од странство, претежно од Источна Европа, и се главно жени и девојки што се експлоатираат за сексуална работа и работа во ресторани, барови и ноќни клубови. Злоупотребата на деца преку присилна сексуална експлоатација и присилните бракови и питачењето, остануваат доминантни форми на трговија со луѓе. Мигрантите што поминуваат низ земјата, исто така, се ранлива категорија, особено жените и непридружуваните малолетници. За превенција и одговор на родово базирано насилство во кризни состојби беа спроведени Мултисекторски стандардни оперативни процедури (МСОП) како дел од Акцискиот план за сексуално и репродуктивно здравје во кризни/итни состојби и Стандардните оперативни процедури (СОП) за работа со непридружувани малолетници.

Во насока на проактивна идентификација, функционира Национална единица за справување со криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) и формирани се пет мобилни тима составени од социјални работници, полициски службеници и членови од граѓанскиот сектор.

Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во рамките на МТСП работи на превенција и координација на заштита на жртвите на трговијата со луѓе.

Владата е целосно посветена на спроведување на Глобалниот договор на ООН за безбедна, уредна и редовна миграција. Потпишани се протоколи и договори за борба против трговија со луѓе со соседните земји, со што се зајакнува регионалната соработка за превенција, идентификација, заштита и упатување на жртви на трговија со луѓе, во смисла на нивните основни човекови права.

Во периодот на изработката на Стратегијата, во тек е подготовка на Закон за надомест на штета на жртви на кривични дела.

## СТРАТЕШКА РАМКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Визија на Стратегијата е унапредување на родовата еднаквост во општество во кое жените и мажите, девојчињата и момчињата, имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери на животот, како услов за целокупен и одржлив економски, демографски, социјален развој и напредок на земјата, односно општество во кое жените и мажите ќе ги имаат истите привилегии и одговорности, кои ќе ги остваруваат во вистинско заедничко партнерство.

## ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРИОРИТЕТИ ПО ОБЛАСТИ

**Институционални механизми за родова еднаквост**

За подобрено функционирање за унапредување на родовата еднаквост и положбата на жените во земјава, потребно е воспоставување посебно тело во рамките на извршната власт, кое ќе има определена одговорност и надлежност (специфични за областа) и која ќе ги координира родовите механизми на сите нивоа. Исто така, потребна е систематизација на работното место координатор/ка за еднакви можности, со што би се унапределе надлежностите на позицијата во институциите, во локалната самоуправа и во другите структури. Во единиците на локалната самоуправа потребно е јасно дефинирање на одговорностите на комисиите и координатор(к)ите за еднакви можности во главните документи на општините.

Важно за интеграција на родовата перспектива е следењето на состојбата преку ажурирани податоци и воспоставени релевантни индикатори. Потребно е воспоставување систем на собирање податоци и мерење на состојбата преку индикатори. Собирањето податоци треба да се приспособи на индикаторите за следење на имплементацијата на Стратегијата и на Националниот акциски план, што треба да се отсликува во извештаите што ги доставуваат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа.

**Економија и пазар на труд**

Главен приоритет на полето на економијата е активирање на женското население и зголемено учество на пазарот на труд. Овој приоритет е високо поставен и во други стратегии на национално ниво, кои се однесуваат на унапредување на економијата и зголемување на вработеноста. Зголеменото активирање и поголемото учество на пазарот на трудот се поврзани со квалитетот на работа на жените, во однос на формалното вработување и работата со полно работно време, како и со воспоставените мерки и сервиси за поддршка за усогласување на приватниот и професионалниот живот на жените, каде спаѓаат: флексибилното работно време, родителското отсуство за мажите, квалитетот на работните договори и слично. Исто така, потребно е намалување на родовиот јаз во платите, кој заедно со ниската стапка на вработеност и учеството во неформалната економија, придонесуваат и за родовиот јаз во пензиите, што во голема мера влијае врз квалитетот на животот на жените и по завршувањето на работниот век.

**Земјоделство**

Во руралните средини е потребно зајакнување на жените во однос на управување со земјоделски имот и земјиште, како и градење на нивната самодоверба и капацитети во донесување одлуки. Зајакнувањето на жени од руралните средини треба да биде насочено и кон градење на нивните капацитети и знаења за аплицирање во програмите за финансиска поддршка во земјоделството, но и во другите програми како, на пример, во Министерството за економија преку програмите за развој на женското претприемништво каде што се нудат можности за отворање сопствен бизнис и самовработување, што, пак, во исто време значи и диверзификација на активностите во руралните средини и придонес кон нивна одржливост преку отворање мали бизниси (што и не се примарно поврзани со земјоделството) какви што се: локални фризерници, продавници за изработка и продажба на традиционално изработени производи, развој на рурален туризам итн.

Потребни се мерки за вклучување на жените од неформалната економија во формалната, односно формализирање на работата што тие ја вршат. Потребно е да се донесат мерки за зголемување на бројот на регистрираните земјоделки/и и носителки/и на земјоделски стопанства преку соодветно вреднување на нивниот труд. Исто така, потребни се законски измени за признавање на нивните права на социјални бенефиции, вклучувајќи боледување, родителско отсуство и пензии. Кон тоа ќе придонесе отворањето повеќе услуги за деца и стари лица во руралните средини, воспоставување мерки за вреднување на работата на грижа и слично.

**Климатски промени**

Главен приоритет на полето на климатските промени е вклучување на родовата перспектива во политиките, мерките и стратегиите што се носат на национално и на локално ниво. За таа цел, потребно е поголемо учество на жените во структурите на одлучување, учество на експерти по родови прашања, кои ќе ги посочат различните влијанија на климатските промени врз жените, особено жените од ранливите категории,

со што ќе се воспостават мерки за рана интервенција и за намалување на ризиците што ќе бидат насочени кон нив. Особено е важно да се имаат предвид разликите во потребите и во барањата на жените и мажите во земјоделството, енергетиката, водните ресурси, телекомуникациите, транспортот, управувањето со заштитените подрачја и туризмот. Исто така, важно е да се зајакнат капацитетите на креаторите на политики и мерки за ублажување на ефектите од климатските промени за вклучување на родовата перспектива.

**Политика и донесување одлуки**

Потребно е зголемување на бројот на жени на позициите на донесување одлуки во извршната власт, политичките партии, медиумите, спортот, локалната самоуправа, односно во сите области во кои нема воспоставени законски решенија или квоти, и каде што учеството на жените е многу ниско, според Заложбата 50-50. Зголемувањето на бројот на жени носителки на одлуки треба да се врши преку стимулациски мерки, сензибилизација, подигнување на свеста, како и со обврзувачки законски мерки. Особено е важно поттикнувањето на жените за учество во структурите на донесување одлуки во единиците на локалната самоуправа, каде што се носат одлуките и мерките што директно влијаат врз квалитетот на животот во локалните единици.

**Здравство**

Во фокусот на здравствената заштита се жените од маргинализираните заедници во насока на подобрување на пристапот до услуги од системот за здравствена заштита. Потребно е зголемување на бројот на гинеколошки амбуланти и гинеколози надвор од Скопје, во местата каде што живеат маргинализирани заедници, за намалување на смртноста на доенчињата и на децата под петгодишна возраст. Исто така, потребна е подобра регулација и зголемување на опфатот на жени со Програмата за рана детекција на малигни заболувања (скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грлото на матката; скрининг на колоректален карцином; мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка).

Потребно е воведување мерки за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје на жените, со фокус на жените од ранливите категории, овозможување целосна поддршка за жените по репродуктивниот период, во периодот на менопауза и поддршка на жените што не се во хетеросексуална заедница или воопшто во каква било заедница, за остварување на желбата за мајчинство преку биомедицински потпомогнато оплодување (БПО).

Дополнително, кризата со пандемијата на Ковид-19 го доведе во преден план и менталното здравје, на кое треба посебно да се обрне внимание кај жените што во периодот на пандемијата се соочија со дополнителен товар во домаќинството, во грижа за деца и стари лица.

**Образование и наука**

Целосно родово сензитивно и рамноправно образование ќе се постигне со задржување во образовниот процес на девојчињата од ранливите групи, поттикнување на девојчињата да се образоваат во полиња што се сметаат за „машки“, а кои како професии се повеќе платени и овозможуваат поголем избор на работни места, односно се професии на иднината, како и овозможување услови за жените да напредуваат во високото образование и науката преку посебни мерки за стимулација и поддршка.

Воспоставувањето на пилот-програмата за ССО беше значителен чекор во унапредувањето на родовата еднаквост и едукацијата на младите за сексуалното и репродуктивното здравје и за здравиот начин на градење врски. Програмата треба да се воспостави во сите училишта во земјата за да ги опфати и најранливите категории.

Конечно, треба да се земе предвид родовиот аспект во инфраструктурата на училиштата, односно потребите на девојчињата за управување со менструалната хигиена.

**Жени, мир и безбедност**

Концептот на позитивен мир не го опфаќа само отсуството на војна како услов за мир, туку и надминување на културното и структурното насилство и нееднаквост за постигнување целосна благосостојба и напредок, преку еднакви можности и пристап до сервиси, услуги и мерки за поддршка изградени со одржливи инвестирања во економскиот развој и институциите, како и градење култура на еднаквост и недискриминација. За општество што гради култура на позитивен мир, потребно е рамноправно учество на жените во структурите на одбраната, безбедноста и меѓународните односи. Важен приоритет во оваа смисла, кој произлегува и со членството на Република Северна Македонија во НАТО, е зголемувањето на бројот на жени во армијата и во мировните мисии, зголемувањето на бројот на жени во полицијата, преку суштинско градење култура на родова еднаквост во овие институции и структури.

Исто така, важен аспект е сензибилизацијата на вработените во структурите на одбраната и безбедноста, особено на вработените во полицијата, во поглед на родовите прашања и родово сензитивно однесување.

**Социјална заштита**

Социјалната заштита особено е важно да биде насочена кон ранливите категории жени и да го земе предвид вкрстувањето на нивните карактеристики при креирањето и усвојувањето на мерките за помош и поддршка. Исто така, потребно е зголемување на капацитетите на социјалните работници во однос на родовите прашања, како и подобрувањето на покриеноста со социјални и здравствени услуги, особено во руралните средини.

Во однос на кризата со пандемијата Ковид-19, во креирањето на мерките треба да се вклучи интерсекциски пристап за да се постигне ефективност и голема покриеност на жените од ранливите категории, со што ќе се намалат последиците од кризата.

**Пристап до правда**

Потребно е целосно и ефективно овозможување пристап до правда за ранливите групи население, во кои спаѓаат жените жртви на насилство. Исто така е потребно унапредување на свесноста и сензибилизација на правните практичари во однос на прашањата од родова еднаквост поради можноста за ревиктимизација и дискриминација на лицата од ранливите категории со кои доаѓаат во директен контакт.

Областа правда, исто така, ги опфаќа и затвореничките што имаат потреба од подобрување на пристапот до здравствени услуги, до образовни и вокациски програми, кои ќе ја олеснат нивната реинтеграција во општеството.

**Спорт**

Главен приоритет на полето на спортот е зголемувањето на бројот на жени на раководни позиции во различните спортски структури, како и промоцијата на спортот и овозможувањето услови за девојчињата и за девојките да се занимаваат со спорт, а потоа и како жени да останат во спортската струка. За да се постигне тоа, потребна е финансиска поддршка на женските клубови, уривање на стереотипот дека спортот е

„машки“ домен, ангажирање поголем број жени тренери, како и воспоставување мерки за борба против насилството и сексизмот во спортот. Интеграцијата на родовата перспектива е важна и при градењето спортски објекти, односно тие треба да се адаптирани, безбедни, осветлени, опремени за да се овозможи нивно користење на девојчињата и на жените.

**Култура**

Одредувањето на приоритетите во унапредувањето на родовата еднаквост во културата поаѓа од тоа дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право, а културата и уметноста се клучни во градењето вредности во општеството. Состојбата со културата треба да се унапреди во насока на поддршка и промоција на проекти, дела и настани, кои ги промовираат родовата еднаквост, толеранцијата и прифаќањето на различните родови идентитети, овозможување еднаков пристап и поддршка за авторки и носителки на проекти, како и поголема застапеност на жените на поавторитетни и подобро платени позиции.

**Медиуми**

Приоритетите во медиумската сфера треба да се фокусираат на промовирање на родовата еднаквост во програмите и во содржините, преку претставување позитивни примери, почесто ангажирање жени како соговорнички во дебатните и во другите програми со гости, како и поголема застапеност на содржини што обработуваат теми за родова еднаквост, односно вклучување на родовиот аспект во најголемиот број теми што се обработуваат во медиумите. За таа цел е потребна поголема застапеност на жени на позиции на одлучување, уреднички и директорки, како и едукација и подигнување на свеста за родовите прашања кај сите медиумски работници.

**Сексизам и родово базирано насилство**

Сексизмот и родово базираното насилство се тесно поврзани, со тоа што сузбивањето на насилството и унапредувањето на положбата на жените во другите сфери мора да појде од борбата против сексизмот и стереотипизацијата на родовите улоги. Во таа насока, важни чинители се медиумите, образованието, спортските и културните настани. Потребна е промоција на еднаквост и толеранција во наставните и во медиумските содржини и ефикасно санкционирање на сексистичкиот говор на омраза. За тоа, потребно е градење на капацитетите на вработените во овие области и сензибилизација на населението да ги препознава овие појави.

Во однос на родово базираното насилство, потребно е целосно усогласување со стандардите на ИК, во поглед на законските решенија, достапните сервиси и услуги за поддршка, мерките за превенција, како и мерките за казнување на насилниците, вклучувајќи ги и сторителите на сексуално вознемирување и демнење на интернет. Покрај тоа, потребно е системско собирање на релевантни родово разделени податоци. Во однос на трговијата со луѓе, потребно е зајакнување на капацитетите на полицијата, на социјалните работници и на другите чинители во структурите за оваа проблематика, за поефикасно идентификување на жртвите и овозможување заштита и поддршка.

**ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ**



**ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

Општа цел 1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЕФЕКТИВЕН И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ НА ЦЕНТРАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО

Специфична цел 1.1: Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво | - Воспоставено посебно тело за родова еднаквост на ниво на Влада, со конкретни цели и задачи<br>- Систематизација на работно место координатор/ка за еднакви можности со утврдени одговорности и надлежности<br>- Вработени на работно место координатор(к)и и заменик-координатор(к)и, по пол, по квалификации |
| 1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги и градоначалниците | - Развиени и стандардизирани модули за обука<br>- Воспоставени план и програма за обуки<br>- Број на обучени лица од јавна администрација, по ниво, по пол |

Специфична цел 1.2: Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 1.2.1 Унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа на креирање политика и буџет | - Воспоставен Ресурсен центар и Центар за обуки за родово одговорно креирање политики и буџетирање<br>- Воспоставен систем за обуки за РОБ за чинители на сите нивоа<br>- Обучени лица за РОБ во јавна администрација, на локално и на централно ниво, по пол, по година |
| 1.2.2 Жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети, на локално ниво | - Учесници на Форуми на заедниците и други форми на граѓанско учество, по пол<br>- Број на политика, програми и буџет што се донесени преку примена на партиципативни алатки |
| 1.2.3 Систематско и одржливо користење на родово одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на централно и на локално ниво | - Број на програми што вклучуваат родово специфични мерки и буџетски алокации |

Специфична цел 1.3: Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 1.3.1 Редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци на сите нивоа и кај сите релевантни чинители | - База на податоци на централно ниво, со родово разделени податоци, јавно и лесно достапна |

| | |
|---|---|
| 1.3.2 Мерливи родово сензитивни индикатори за следење на состојбата со родовата еднаквост | - Број на политики и програми што содржат родово сензитивни индикатори |

Специфична цел 1.4: Имплементација на родова перспектива во работата и креирањето мерки и програми во време на вонредни услови и кризни состојби на централно и на локално ниво

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 1.4.1 Родово балансирани структури што носат родово сензитивни мерки, кои ги имаат предвид различните потреби на жените и на мажите во време на кризни и вонредни состојби | - Број на жени во структури што носат одлуки во вонредни и кризни состојби<br>- Број на експерт(к)и по родови прашања, кои учествуваат (консултирани) во креирање мерки<br>- Број на донесени родово сензитивни мерки |
| 1.4.2 Воспоставени механизми за интеграција на политиките за родова еднаквост во вонредни и кризни состојби | - Изработена родова анализа на буџетот и алокации од централниот и од локалниот буџет<br>- Донесен национален кризен план со детални протоколи и стратегии, со интерсекциски пристап<br>- Воспоставена методологија за процена на влијанието на кризата врз жените и мажите |

Општа цел 2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СИТЕ ОБЛАСТИ НА ЈАВНИОТ И НА ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ

Специфична цел 2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.1.1 Зголемено активирање на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со особен фокус на жените од маргинализираните заедници | - Процент на активно население (15+), по пол<br>- Стапка на вработеност (население 15+), по пол<br>- Број на невработени жени пријавени во АВРСМ<br>- Процент на искористеност на мерки за вработување, по пол, по степен на образование |
| 2.1.2 Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки | - Процент на родов јаз во платите (неприспособен) |
| 2.1.3 Намалена секторска и хиерархиска сегрегација на работните места | - Вработени во образование, здравство и социјала, по пол<br>- Жени (%) на раководни позиции во образование, здравство и социјала<br>- Вработени според економски статус, по пол |
| 2.1.4 Подобрен квалитетот на работа на жените | - Вработени со полно работно време, по пол<br>- Времетраење на работниот век, по пол |

| | |
|---|---|
| 2.1.5 Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и приватниот живот | - Вработени (15+) со флексибилност во работното време, по пол, по возраст<br>- Застапеност на сервиси за грижа за деца и стари лица, по општини<br>- Деца (%) згрижени во формални сервиси за грижа<br>- Време (%) поминато во активности во домаќинството, по пол<br>- Воспоставено непреносливо родителско отсуство за мажите<br>- Родов јаз во вработеност кај родители на деца помали од 6 години<br>- Жени и мажи (%) што не бараат работа поради грижа за семејството |
| 2.1.6 Родово сензитивни мерки за ублажување на последиците од кризни и вонредни состојби врз жените во економијата | - Број на родово сензитивни мерки<br>- Број на мерки насочени кон секторите каде што доминираат жените како вработени: угостителство, лични услуги и хигиенска нега, трговија на големо и мало, преработувачка индустрија |

Специфична цел 2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.2.1 Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште | - Жени (%) носителки на стопанства од вкупен број<br>- Жени (%) од рурални средини сопственички на имот<br>- Број на жени што самостојно вршат земјоделска дејност<br>- Број на спроведени кампањи за подигнување на свесноста за правото на имот и наследување |
| 2.2.2 Намалена неплатената работа што ја вршат жените во руралните средини | - Жени (%) во неформална економија, кои имаат здравствено и/или социјално осигурување<br>- Број на сервиси за деца и стари лица во рурални средини, по општини<br>- Број на усвоени мерки за формализирање на неформалната работа |
| 2.2.3 Зголемено учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделството | - Учество на жени (%) како носителки на апликации за финансиска поддршка<br>- Жени (%) носителки на апликации што добиле финансиска поддршка |
| 2.2.4 Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулациски мерки и поддршка | - Носители на земјоделски стопанства, по возраст, по пол<br>- Млади (%) во однос на стари носители на стопанства, по пол<br>- Број на стимулативни мерки насочени кон младите во земјоделството |

Специфична цел 2.3: Зајакнати механизми за заштита на животната средина и креирање родово одговорни политики за климатски промени и климатски отпорни политики за родова еднаквост

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.3.1 Родовиот аспект е интегриран во мерките и политиките за ублажување на и адаптација кон влијанието на климатските промени | - Број на мерки и политики со интегриран родов аспект (во енергетика, земјоделство, водни ресурси и транспорт) |
| 2.3.2 Родовиот аспект е вклучен во системот за мониторирање, известување и верификација на степенот на имплементација на климатските акции | - Број на родови индикатори вклучени во системот |
| 2.3.3 Родовиот аспект е вклучен во националните и во локалните политики, во критериумите за субвенционирање и во финансиска поддршка поврзани со стратешките климатски акции | - Број на национални и на локални политики во енергетика, земјоделство, водни ресурси и транспорт, кои го вклучуваат родовиот аспект<br>- Број на жени што добиле субвенции/поддршка од Владата или од општините во енергетика, земјоделство, водни ресурси и транспорт |
| 2.3.4 Зајакнати капацитети за родовиот аспект на климатските промени на национално и локално ниво | - Број на обуки и тренинзи, по сектор<br>- Број на обучени лица, по пол |
| 2.3.5 Ранливите групи жени се заштитени од влијанијата на климатските промени преку еднаков пристап до системите за рано предупредување и мерките за намалување на ризиците и до финансиски механизми за покривање штети | - Лица што користат мерки за намалување ризици, по пол<br>- Број на мерки директно насочени кон ранливи категории жени |

Специфична цел 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.4.1 Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50) | - Застапеност на жени во Собранието на Република Северна Македонија (%)<br>- Застапеност на жени во Владата на Република Северна Македонија (%) |
| 2.4.2 Зголемена застапеност на жените во органите на одлучување во рамките на администрацијата, односно креатори на политики во рамките на областа | - Вработени во јавниот сектор, по пол, по институција<br>- Жени (%) на раководни позиции во институции, јавни претпријатија, министерства |
| 2.4.3 Зголемено учество на жените во креирањето на локалната политика и буџет, особено ранливите категории жени (Заложба 50-50) | - Жени (%) кандидатки за градоначалници<br>- Жени (%) избрани градоначалнички<br>- Членови на општински совети, по пол<br>- Жени (%) што водат општински совети<br>- Застапеност на советнички во советите (%)<br>- Кандидати за општински советници, по пол |

| | |
|---|---|
| 2.4.4 Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите | - Сопственици на ТВ и радиостаници, по пол, по сопственишство<br>- Уредници и директори на медиуми, по пол<br>- Вработени новинари, по пол |
| 2.4.5 Зголемена застапеност на жени во структурите на одлучување во спортот – 40 % жени во органи и тела на управување (собрание, УО, ИО) до 2026 година | - Членови на управни органи и тела во национални спортски федерации, Македонски олимписки комитет и други спортски структури, по пол, по позиција |
| 2.4.6 Подобрена положбата на жените во политичките партии преку стимулациски обврзувачки и необврзувачки мерки | - Жени (%) во политички партии<br>- Возраст на лица на раководни позиции во партии, по пол<br>- Степен на образование на советници, по пол<br>- Жени на кандидатски листи, по партии<br>- Средства (%) од јавниот буџет искористени од партиите за финансирање на женскиот огранок, по партија |

Специфична цел 2.5: Еднаков пристап до здравствена заштита за сите жени

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.5.1 Еднаков пристап до здравствени услуги во текот на бременоста | - Број на (мобилни) гинеколошки амбуланти, по региони и општини<br>- Број на гинеколози со склучен договор со Фондот, по општини<br>- Бремени жени (%) кои имаат пристап и корист од пренатална и постнатална грижа<br>- Број на посети на патронажни сестри<br>- Стапка на смртност на доенчиња<br>- Стапка на смртност на деца под петгодишна возраст<br>- Број на прегледи во текот на бременоста (просек) |
| 2.5.2 Зголемен опфат на жени со превентивни прегледи предвидени со Програмата за рана детекција на малигни заболувања (скрининг за превенција и рано откривање карцином на грло на матка; скрининг на колоректален карцином; мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка) | - Опфат на жени (%/број) со организиран скрининг за карцином на грлото на матката, вкупно, по години<br>- Опфат на жени (%/број) со мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка, вкупно, по години<br>- Опфат на жени (%/број) со скрининг на колоректален карцином, вкупно, по години<br>- Број на кадри што даваат гинеколошки услуги, вклучувајќи и превентивно ХПВ и ПАП-тестирање (патолози, цитолози и друго) |
| 2.5.3 Жените имаат олеснет пристап до квалитетни услуги за планирање на семејството и избор на современи контрацептивни средства и методи | - Достапност на медикаментозен абортус<br>- Воспоставени мерки за достапност на абортус за социјално загрозени жени, со број и процент на искористеност<br>- Употреба на контрацептивни средства, по пол, по возраст<br>- Број на контрацептивни средства ставени на позитивната листа на ФЗОМ |

| | |
|---|---|
| 2.5.4 Целосна здравствена поддршка и помош на жените во периодот на менопауза, по репродуктивниот период | - Воспоставени програми и упатства за редовно советување од гинеколози / матични лекари, по број и достапност по општини<br>- Опфат (%) на жени со задолжителен бесплатен здравствен пакет за жени над 35 години, по возраст, по општини |
| 2.5.5 БПО достапно за сите жени, без оглед на вид на заедница и финансиска состојба | - Достапност на видливи, лесно разбирливи информации на веб-страниците на Фондот, на Министерството, на Институтот, на Центарот за јавно здравје<br>- Жени што направиле БПО-процедура, по вид на заедница |
| 2.5.6 Целосна здравствена помош и поддршка за менталното здравје на девојките, на жените и на лицата со различен родов идентитет | - Воспоставени упатства и програми за советување и упатување кај матични лекари<br>- Достапни и лесно разбирливи информации на интернет-страниците на МЗ, на Институтот, на Центарот за јавно здравје<br>- Број на установи/центри/советувалишта за психолошка поддршка, кои имаат склучено договор со Фондот |

Специфична цел 2.6: Родово сензитивни образование и наука

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.6.1 Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници | - Лица што напуштиле образование, по пол, по етничка припадност<br>- Број на живородени деца од мајки под 15 години, по општини<br>- Број на живородени деца од мајки на возраст од 15 до 19 години, по општини<br>- Број на малолетнички бракови склучени на возраст од 16 до 18 години |
| 2.6.2 (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за здобивање со квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд | - Број на возрасни жени Ромки што завршиле основно образование<br>- Број на жени Ромки вклучени во обуки според верификувани програми за здобивање со квалификации |
| 2.6.3 Промовиран принцип за родова еднаквост во научнои-стражувачката дејност | - Дипломирани студенти, по пол, по струка<br>- Доктори на науки, по пол, по струка<br>- Професори во високо образование, по пол, по сениорност<br>- Објавени научни трудови, по пол<br>- Носители на проекти, по пол |
| 2.6.4 Намалена сегрегација по области што се сметаат за „женски“ и „машки“ и намален родов јаз во информациски и комуникациски технологии (ИКТ) и наука, технологија, инженерство и математика (STEM) | - Студенти во високо образование, по области, по пол<br>- Запишани и дипломирани студенти во области на ИКТ и STEM, по пол<br>- Девојчиња и момчиња (%) во основно и во средно образование кои очекуваат да работат во ИКТ<br>- Доделени стипендии, по пол, по област |

| | |
|---|---|
| 2.6.5 Целосно воспоставено сеопфатно сексуално образование | - Опфат на ССО, по број на училишта, по општини<br>- Број на обучени наставници за ССО, по пол, по општини |
| 2.6.6 Родово сензитивна инфраструктура во училиштата (при градење/реновирање се земаат предвид различните потреби на девојчињата) | - Број на училишта со достапни и соодветно уредени тоалети за одржување менструална хигиена (безбеден, чист и приватен простор со вода и сапун, хартија за бришење и корпа за менструални отпадоци)<br>- Достапност на хигиенски производи во училишта (%) |

Специфична цел 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (жени, мир и безбедност)

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.7.1 Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки | - Вработени во одбрана, по пол, по работни позиции, по категории |
| 2.7.2 Родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи | - Достапност на издвоени и интегрирани образовни програми/модули, по институција<br>- Воведена посебна тема за родова еднаквост во обуки<br>- Вработени што поминале обуки за родова еднаквост, по пол, по институција |
| 2.7.3 Зголемено учество на жени во надворешната политика и меѓународните односи и во меѓународни мировни и хуманитарни мисии и операции, како и во научни проекти од интерес на одбраната | - Жени (%) во мировни и хуманитарни мисии и операции<br>- Вработени во надворешни претставништва (амбасади/конзулати), по пол, по позиција<br>- Вработени во директорати на МНР, по пол, по позиција<br>- Учество во научни проекти (НАТО), по пол, по позиција |
| 2.7.4 Зголемен број на жени вработени во полицијата | - Вработени на работно место „полицаец“, по пол<br>- Вработени во служби на МВР, по пол, по ранг, по служба<br>- Кандидати за работно место „полицаец“ испратени на обука, по пол |

Специфична цел 2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.8.1 Воспоставени и унапредени специфични мерки за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност | - Број на мерки за социјална заштита насочени кон жени, по категорија на ранливост<br>- Опфат (%) на жени со мерки насочени кон ранливи категории |
| 2.8.2 Подобрени капацитети на социјални работници и покриеност со достапни социјални услуги во рурални средини | - Распределеност на центри за социјална работа, по општини<br>- Опфат на население (%/број) по центри за социјална работа |

| | |
|---|---|
| | - Воспоставена програма за обука за родови прашања за социјални работници<br>- Вработени социјални работници што поминале обука за родови прашања, по пол, по регион |
| 2.8.3 Интеграција на родова перспектива со фокус на интерсекционалност во анализата на потребите во креирањето на програмите за поддршка во кризни и вонредни состојби | - Број на мерки насочени кон ранливи категории жени |

Специфична цел 2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.9.1 Законите, мерките и политиките овозможуваат еднаков пристап до правда за жените од ранливите категории | - Опфат (%) на лица што искористиле БПП, по пол, по родов идентитет, врз основа на барање |
| 2.9.2 Подобрени услови за жените во женските одделенија на затворите | - Пристап до здравствени и гинеколошки услуги во женското одделение во КПД Идризово<br>- Воспоставени образовни и вокациски програми, по поле на образование |
| 2.9.3 Унапредени знаења и свесност на правните практичари (судиите, јавните обвинители, претставниците на народниот правобранител, адвокатите и младите правници) за концептите од областа на родовата еднаквост и антидискриминација | - Воспоставен систем на обуки за правните практичари<br>- Лица што посетиле обука, по пол, по професија, по сектор на работа |

Специфична цел 2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.10.1 Зголемено учеството на жените и на девојчињата во рекреативни и во професионални спортски активности преку соодветни програми и стимулациски мерки | - Лица што се занимаваат со спорт, рекреативно и професионално, по пол, по возраст, по вид спорт<br>- Време (часови) на изнајмување спортски терени, по полова структура на тимови<br>- Број на спортски објекти, по општина, по вид |
| 2.10.2 Воспоставени мерки за поддршка на жените за нивно задржување во професијата спорт | - Број на жени-тренери, по спортови<br>- Вработени тренери според евиденција на АМС, по пол, по спорт |
| 2.10.3 Зголемена финансиска поддршка на централно и на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки | - Удел од буџетот на АМС и на општините за финансирање женски клубови и спортистки<br>- Број на женски клубови и спортистки што добиле финансиска поддршка |
| 2.10.4 Родово сензитивни обучени вработени во спортски структури | - Воспоставени обуки за родова еднаквост за вработени во спортски структури<br>- Број на обучени лица, по пол, по структура |

Специфична цел 2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 2.11.1 Зголемено учество на жени во проекти на полето на културата | - Посебна издвоена ставка за финансирање проекти чии носители се жени<br>- Носители на проекти финансирани од Министерството за култура, по пол, по тематика |
| 2.11.2 Родовите прашања се повидливи во културните настани и во издаваштвото на полето на културата | - Посебна ставка за финансирање дела/проекти што се занимаваат со родови прашања<br>- Број на изработени и објавени истражувања и анализи за родот и родовите политики во културата<br>- Број на организирани настани во јавни установи финансирани од страна на Министерството за култура на РСМ што се фокусираат на родот и на родовите идентитети |
| 2.11.3 Промовирани авторки во македонската книжевност и преведени дела од странски автор(ки) | - Автори на издадени книги со финансиска поддршка од страна на Министерството за култура на РСМ, по по<br>- Преведувачи на издадени книги со финансиска поддршка од страна на Министерството за култура на РСМ, по пол |
| 2.11.4 Родово сензитивни стручни работници во културни институции | - Број на посетени обуки, по институција/служба, по пол |

Општа цел 3. СУЗБИВАЊЕ НА РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ И ГРАДЕЊЕ КУЛТУРА НА НЕНАСИЛСТВО И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ПОЛ, РОД И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ

Специфична цел 3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување | - Степен на усогласеност на националното законодавство со ИК<br>- Измени на Кривичниот законик во согласност со ИК |
| 3.1.2 Достапни родово разделени податоци за сите форми на РБН | - Воспоставен систем за систематско собирање податоци |
| 3.1.3 Унапреден институционален одговор за превенција и заштита од РБН, особено на полицијата и правосудството | - Воспоставен систем за редовни обуки на вработените во институциите за препознавање и постапување во однос на различни облици на РБН<br>- Број на имплементирани обуки, по институција<br>- Број на државни службеници што посетиле обука, по пол, по институција<br>- Број на случаи по кои постапувале МВР и ОЈО во однос на сексуално вознемирување и демнење на интернет, одделно |

| | |
|---|---|
| 3.1.4 Зголемена достапност и пристапност до специјализирани услуги за жртви на родово базирано насилство | - Воспоставени услуги, по регион<br>- Опфат на жртви со сервиси, по сервис, по општина, по регион<br>- Број на сервиси што се достапни за жени со попреченост, по општини<br>- Сервиси достапни на други јазици, по сервис |
| 3.1.5 Зајакнат систем за идентификација и поддршка на жртви на трговија со луѓе, со акцент на мигрантските текови | - Број на идентификувани лица, по пол, потекло, движење<br>- Број на сервиси за сместување и поддршка на жртви на трговија со луѓе, по регион<br>- Број на сервиси за сместување на жени и деца при нелегална миграција<br>- Вработени во секторот на трговија со луѓе кои посетиле обука, по институција, по пол, по сектор |

<u>Специфична цел 3.2</u>: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

| Очекувани резултати | Индикатори |
|---|---|
| 3.2.1 Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги | - Примена на меѓународни стандарди за борба против сексизам во мерки и политики<br>- Воспоставени упатства за реагирање при појава на сексистички говор на омраза, по области<br>- Број на опомени/реакции во медиуми<br>- Број на опомени/реакции на спортски настани<br>- Број на пријави за сексизам на работно место, по пол, по родов идентитет<br>- Број на поплаки и претставки за сексизам во пристапот до добра и услуги |
| 3.2.2 Образование и наставни материјали што промовираат еднаквост, толеранција и недискриминација | - Воспоставен ефикасен механизам за ревидирање на старите и креирање нови содржини во наставните програми,учебници и дидактички материјали што се родово сензитивни и кои промовираат позитивни гледишта кон родот и родовите идентитети, со интерсекциски пристап<br>- Број на нови и ревидирани наставни програми, учебници и дидактички материјали |
| 3.2.3 Зголемена свесност и знаења за родовата еднаквост, со вклучен интерсекциски пристап, кај наставниците, воспитувачите, психолошко-педагошката служба и директорите во училиштата и во градинките | - Број на посетени обуки, по пол, по служба |

| | |
|---|---|
| 3.2.4 Децата започнуваат да учат за родова еднаквост, толеранција и недискриминација уште од најрана возраст | - Воведени содржини за промоција на родова еднаквост и култура на ненасилство во градинките и во училиштата<br>- Опфат на градинки и училишта со обуки за родова еднаквост, по општини |
| 3.2.5 Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности | - Број на обуки на медиумските работници и на вработените во институциите во однос на родовите стереотипи, по пол, по служба<br>- Број на поднесени претставки за дискриминаторска содржина во медиумите<br>- Застапеност (%) на теми од родова еднаквост и различности во медиумски содржини<br>- Застапеност (%) на жени соговорнички во ТВ-емисии<br>- Застапеност (%) на жени во медиумски содржини<br>- Ставови кон содржини со родови различности во медиуми, по пол, по возраст (периодична проверка) |
| 3.2.6 Институции што го вклучуваат концептот на инклузивна еднаквост и го применуваат преку остварување на обврската за промоција на еднаквоста | - Број на преземени мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенцијата од дискриминација во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација и Упатството за должностите на јавниот сектор во однос на промоција на еднаквоста и недискриминацијата |

**БУЏЕТ НА СТРАТЕГИЈАТА**

Фискалните импликации за спроведување на Стратегијата ќе бидат дел од оперативните планови на ресорните министерства во однос на планираните активности, преку процесите на буџетско планирање на годишно ниво. Исто така, важен дел од буџетското планирање се меѓународните мултилатерални и билатерални донатори и поддржувачи.

**СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА**

За постигнување на целите и резултатите на Стратегијата, вклучени се Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, единиците на локалната самоуправа, како и сите засегнати чинители од спортските, културните, економските организации и други. Од особена важност е во спроведувањето на Стратегијата да се вклучат граѓанските организации, особено оние што работат на полето на родовата еднаквост, за создавање вистинско партнерство во унапредувањето на состојбата. Исто така, важни за спроведувањето на Стратегијата и за постигнувањето на целите се меѓународните организации што ја поддржуваат земјата во напредокот и во усогласувањето со меѓународните стандарди, политики и практики.

Министерството за труд и социјална политика ќе биде одговорно за координација на имплементацијата на Националниот акциски план 2021-2023 и на годишните оперативните планови за имплементација на Стратегијата.

**Следење на спроведувањето**

Министерството за труд и социјална политика ќе го следи спроведувањето на Стратегијата. Со оглед на тоа што спроведувањето на Стратегијата опфаќа различни области на мерки и политики и широк спектар на чинители, следењето ќе се врши преку утврден образец на извештај, кој ќе го пополнуваат сите одговорни органи на државната власт.

За мерење на ефектите од спроведувањето на Стратегијата, се предвидува една среднорочна евалуација (по третата година на имплементација), која ќе биде основа за понатамошното спроведување на Стратегијата.

Собранието на Република Северна Македонија, според членот 9 став (3) од Законот за еднакви можности на жените и мажите, ќе го следи спроведувањето на Стратегијата во секторските политики и програми.

Оваа стратегија ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.